# THE CHALLENGES OF DEVELOPING EFFECTIVE WRITING SKILLS FOR ACADEMIC PURPOSES IN STUDENTS IN THE REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA

**Ivana Trajanoska**
University American College Skopje, Republic of N. Macedonia, trajanoska@uacs.edu.mk
**Marija Andonova**
University American College Skopje, Republic of N. Macedonia, nacova@uacs.edu.mk

**Abstract:** Leonard J. Rosen defines academic writing as an "informed, logical, clear, well structured, and based on evidence" (Rosen, 2009) prose style which serves to describe, understand, and further investigate the world around us. Academic writing rests upon common standards of logic and clarity which enable writers to enter into a conversation through their writing. Developing effective writing skills for academic purposes is a crucial aspect of higher education. These skills are indispensable for the students since they affect their overall academic success, but also their life outside the university. The present paper deals with the challenges of developing effective writing skills for academic purposes in the Macedonian language in students in the Republic of North Macedonia. It presents a part of the findings of a five-year research conducted at the higher education institution University American College Skopje (UACS). The aim of the research is to explore the gap between the expected already acquired writing skills at secondary school and the writing skills for academic purposes the students should develop in higher education. The present paper presents the data obtained from the self-evaluation process conducted from spring semester 2015 until spring semester 2019. The quantitative research method was used in the research and the quantitative data obtained were analyzed, textually interpreted, and visually presented. Twenty nine point three percent of the students said that they knew how to write a short essay where they would present evidence for a point of view and 32.4% said that they are not sure how to do this. Even though writing an essay (titled "project assignment") is a required part of the mandatory State Baccalaureate (Matura) exam since 2010 and all students had completed it in order to enroll at University, 38.3% of the students involved in the research said that they do not know how to do this.
**Keywords:** academic writing, writing skills, higher education, secondary education

## ПРЕДИЗВИЦИТЕ ПРИ РАЗВИВАЊЕТО НА ЕФЕКТИВНИ ВЕШТИНИ ЗА АКАДЕМСКО ПИШУВАЊЕ КАЈ СТУДЕНТИ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**Ивана Трајаноска**
Универзитет Американ колеџ Скопје, trajanoska@uacs.edu.mk
**Марија Андонова**
Универзитет Американ колеџ Скопје, nacova@uacs.edu.mk

**Резиме:** Ленард Џ. Розен го дефинира академското пишување како прозен стил кој е „информиран, логичен, јасен, добро структуриран и заснован на докази“ (Розен, 2009) кој служи за опишување, разбирање и понатамошно истражување на светот околу нас. Академското пишување се потпира врз заеднички стандарди на логика и јасност кои им овозможуваат на писателите да остварат дијалог со академската заедница преку она што го пишуваат. Развивање на ефективни вештини за пишување за академски цели е клучен аспект на високото образование. Овие вештини се неопходни за студентите бидејќи тие влијаат на нивниот севкупен академски успех, но исто така и на нивниот живот надвор од универзитетот. Овој труд се осврнува на предизвиците за развој на ефективни вештини за пишување за академски цели на македонски јазик кај студенти во Република Северна Македонија. Во трудот се претставени дел од наодите од петгодишно истражување спроведено во високообразовната институција Универзитет Американ колеџ Скопје (УАКС). Целта на истражувањето е да се истражи јазот помеѓу очекуваните веќе стекнати вештини за пишување во средно училиште и вештините за пишување за академски цели кои студентите треба да ги развиваат во високото образование. Овој труд ги презентира податоците добиени од процесот на самоевалуација спроведена во периодот од пролетниот семестар 2015 до пролетниот семестар 2019. Квантитативниот метод на истражување беше искористен во истражувањето, а добиените квантитативни податоци беа анализирани, текстуално интерпретирани и визуелно презентирани. Податоците беа

анализирани со примена на дескриптивниот метод. Дваесет и девет запирка три отсто од испитаниците рекоа дека знаат да напишат краток есеј каде што ќе презентираат докази за да го поткрепат ставот презентиран во есејот, а 32,4% изјавиле дека не се сигурни како да го направат тоа. Иако пишувањето на есеј (насловено како „проектна задача“) е задолжителен дел од задолжителната матура од 2010 година, а сите испитаници ја завршиле со цел да се запишат на универзитет, 38,3% од студентите вклучени во истражувањето велат дека не знаат како да го направат тоа.
**Клучни зборови**: академско пишување, вештини за пишување, високо образование, средно образование

## 1. ВОВЕД

Академското пишување претставува прозен стил кој треба да биде „информиран, логичен, јасен, добро структуриран и заснован на докази“ (Розен, 2009) кој служи за опишување, разбирање и понатамошно истражување на светот околу нас. Академското пишување се потпира на заеднички стандарди на логика и јасност кои им овозможуваат на оние кои пишуваат да стапат во дијалог со академската заедница преку она што го пишуваат. Развивање на ефективни вештини за пишување за академски цели е клучен аспект на високото образование. Една од клучните цели на високото образование е да овозможи напредок на општеството преку негово разбирање и унапредување. Затоа, добро развиени вештини за пишување се неопходни за постигнување на оваа цел. Исто така, вештините за академско пишување им се потребни на студентите бидејќи тие влијаат на нивниот севкупен академски успех, но исто така и на нивниот живот надвор од универзитетот. Во текот на студирањето, од студентите се очекува да извршуваат различни писмени задачи, да одговараат на есејски прашања, да изработуваат семинарски и проектни задачи, да пишуваат есеи и сл. На овој начин, вештините за пишување директно влијаат на нивниот академски успех. Сепак, академското пишување не претставува само практична потреба за завршување на студиите. Исто така, развививањето на вештините за пишување, ги прават студентите подобри читатели. Студентите ќе бидат подготвени критички да читаат различни текстови, да ја идентификуваат поентата на авторите на текстовите, како и критички да ги оценуваат доказите кои авторите ги наведуваат. Од своја страна пак, развиените вештини за пишување и читање, ги прават студентите и подобри говорители. Најважно од сè, добро развиените вештини за академско пишување им помагаат на студентите да откријат кои се нивните идеи и ставови и како да ги развијат на логичен и рационален начин што е од непроценливо значење во современите општества. Академското пишување вклучува работење со извори, разликување на релевантни од нерелевантни извори, избегнување и препознавање на плагијаторство, „лажни вести“ и сл. Академското пишување се темели на принципите на реториката, стилистиката, теоријата на писменоста, писменоста како општествена практика, итн (Стрит, 2015). Практиките на писменост се поврзани и условени од општествените, културолошките, историските и политичките контексти во кои се одвиваат. Оттука, академското пишување овозможува развивање на неколку клучни вештини неопходни во современите општества како аналитички вештини, вештини за критичко и објективно размислување, како и вештини за аргументирано изразување. Од овие причини, во целокупниот образовен процес треба да се обрне поголемо внимание на развивањето на ефективни вештини за пишување и да се поттикнат чинителите да се вложи максимален напор во насока на воведување на наставни содржини во рамки на одредени предмети во средното и високото образование како и предмети и цели центри за развивање и унапредување на вештините за пишување за академски цели во земјата.

## 2. ЗА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Во академската 2012/2013 година, поради проблемите со кои се соочува наставниот кадар и студентите при завршувањето на потребните писмени задачи (семинарски задачи, проектни задачи, есејски прашања и сл.) за разни предмети од наставните програми, се воведе Академско пишување на македонски јазик како задолжителен предмет во првата година од студиите за студенти од факултетот за Деловна економија и организациони науки, Факултетот за политички науки и Факултетот за правни науки на Универзитетот Американ колеџ Скопје. Предметот Академско пишување има за цел да го запознае студентот со процесот на пишување т.е. техниките кои му претходат на процесот на пишување, начините на организација и подготовка за пишување на краток традиционален есеј, правењето план и прва верзија, проверка, уредување и лекторирање и изготвување на финална верзија. Исто така, студентот се очекува да научи како да дојде до идеи, да постави теза и да развие докази и конкретни детали кои ќе ја поткрепат тезата, да состави библиографија и цитира извор на неколку стилови (чикашки стил, харвардски стил или Еј-Пи-Еј стил во зависност од студиската група). Особено внимание се посветува на пишувањето јасни и добро организирани параграфи со носечки реченици и преодни зборови, како и на основните елементи на воведот и заклучокот.

Студентите се запознаваат со структурата на два вида есеј: есеј на споредба и есеј на аргументирање. Студентите практично треба да го применат стекнатото знаење со пишување на кратки есеи на споредба и аргументирање во сите фази на изработка на есеј преку изготвување на портфолио. Покрај ова, студентите се запознаваат и со опасностите и последиците од плагијаторството и начините како да се избегне. Курсот опфаќа вежби за пишување резиме и парафраза, вежби за цитирање и референцирање и изработка на библиографија и листа на користена литература, како и вежби за правопис на македонскиот литературен јазик.

Покрај главната цел на истражувањето, утврдување на јазот помеѓу стекнатите вештини за пишување во средното образование и очекуваните и потребни вештини за пишување во високото образование, истражувањето имаше за цел да даде и насоки кои содржини треба да бидат опфатени во рамки на предметот за да се премости јазот а студентите ефективно да ги развијат потребните вештини кои им недостигаат. Целта е предметот Академско пишување соодветно да одговори на потребите на студентите кои, по завршувањето на предметот, ќе можат успешно да пишуваат есеи за академски цели во кои ќе можат да изнесат свој став на одредена тема, да поставаат теза, да изложат докази за истата, да се служат со извори и соодветно да ги документираат.

Во средното образование, конкретно во Наставната програма по предметот Македонски јазик и литература за четврта година на реформираното гимназиско образование (2002) наведени се општите цели на Програмата. Во неа е наведено дека Програмата треба да им помогне на учениците да можат: „да ги користат нормите и да го усвојуваат кодот на македонскиот стандарден јазик и неговите функционални стилови; да ги разбираат и да ги употребуваат функциите на јазикот како најсовршено средство за комуникација во литературата, културата и науката; да умеат самостојно усно и писмено да ги изразуваат своите знаења, чувства, мисли, ставови и сфаќања“ (Наставна програма, 2002, стр.2). Во рамки на програмското подрачје јазик за кое се предвидени 62 часа, во областите и содржините, предвидено е да се работат содржини од стилистиката. Покрај различните аспекти на стилистиката, предвидено е да се покријат содржини од функционалното раслојување на јазикот т.е. функционалните стилови како разговорниот, уметничколитературниот, публицистичкиот, административниот, како и научниот функционален стил. Во конкретните цели е наведено дека ученикот се очекува да ги прошири и зацврсти занењата од стилистиката (функционалните стилови) и да ги применува разните видови стилови во усното и писменото изразување (Наставна програма, 2002, стр. 7). Предвидени се и вежби за разликување на фунционалните стилови во рамки на дидактичките насоки. Сепак, покрај вежбите за разликување, не се наведени вежби за активна примена т.е. продукција или пишување на текстови во дадените функционални стилови. Во рамки на државната матура, постои задолжителна проектна задача која е составен дел од државната матура, училишната матура и завршниот испит. Нејзина цел е проучување на проблем кој ученикот го избира од некој (некои) од наставните предмети или пошироко од образовните области. Таа служи за проверка на практичната способност на ученикот за вршење работи од областа на струката (Државен испитен центар). Во Испитната програма за проектна задача, како нејзини цели се наведени: „да умее самостојно да идентификува, проучува и истражува конкретен проблем; правилно да користи извори на информации и информатичка технологија; да користи соодветна методологија на истражувањето; да е способен да аргументира, толкува и презентира податоци од истражуваниот проблем. (Испитна програма, 2010). Понатаму во програмата наведени се стандардните видови на проектна задача меѓу кои е наведен и есејот. Во делот 3.1 од Програмата (стр. 5) есејот е дефиниран, изложена е неговата структура, наведено е што треба да содржи воведот, главниот дел и заклучокот, како и техничките одредби. Во примерите од проектните задачи наведени се и стилови за документирање, начини на референцирање, како да се направи листа на користена литература или библиографија и сл. Она што може да се заклучи е дека од учениците се очекува веќе да се запознаени и да ги имаат совладано вештините на академското пишување за да можат да ја изработат прокетната задача. Освен упатствата наведени на интернет страницата на Државната матура, нашиот преглед на Наставната програма покажа дека вакви содржини во неа сепак не се застапени.

### 2.1. Методолошки пристап

Овој труд се осврнува на предизвиците за развој на ефективни вештини за пишување за академски цели на македонски јазик кај студенти во Република Северна Македонија. Ги презентира наодите од петгодишно истражување спроведено во високообразовната институција Универзитет Американ колеџ Скопје (УАКС). Целта на истражувањето е да се истражи јазот помеѓу очекуваните веќе стекнати вештини за пишување во средно училиште и вештините за пишување за академски цели кои студентите треба да ги развиваат во високото образование. Секој студент беше замолен да пополни формулар за самоевалуација на почетокот на семестарот со цел да се оцени перцепцијата на студентите за своите веќе развиени или неразвиени вештини

за пишување за академски цели во средното училиште. Потоа, пред почетокот на предметот, учениците беа замолени да направат влезен тест врз основа на наставниот план на предметот Академско пишување на македонски јазик што требаше да го започнат. На крајот на предметот беше спроведен излезен тест со цел да се измерат шест клучни резултати од учењето идентификувани од страна на предавачот, а кои беа наведени во описот на предметот. Овој труд, од практични причини, ги презентира единствено податоците добиени од процесот на самоевалуација спороведена во периодот од пролетниот семестар 2015 до пролетниот семестар 2019. Квантитативниот метод на истражување беше искористен во истражувањето, а добиените квантитативни податоци се анализирани, текстуално интерпретирани и визуелно презентирани преку табели. Податоците се анализирани со примена на дескриптивниот метод.

**2.2. Резултати од самоевалуација**

Сто деведесет и осум студенти од вкупно двесте седумнаесет студенти кои го имале регистрирано предметот Академско пишување го пополнија формуларот за самоевалуација на почетокот на првиот семестар од првата година од нивните студии. Сите испитаници имаат завршено средно гимназиско образование во Република Северна Македонија на македонски наставен јазик а македонски им е нивен мајчин јазик. Формуларот за самоевалуација беше преземен од Лабораторијата за пишување на Универзитетот Пурдју (Purdue Online Writing Lab) наменет за самоевалуација на вештините за пишување стекнати пред запишување на универзитет и адаптиран за потребите на истражувањето. Целта на формуларот е да ја оцени перцепцијата на студентите за веќе стекнатите и развиени или неразвиени вештини за пишување во средното образование и одговараат на вештините неопходни успешно да се заврши „проектната задача“ од државната матура во Р.С. Македонија. Формуларот се состои од 14 изјави поврзани со основните принципи на академското пишување на кои испитаниците можеа да одгворат со точно, не сум сигурен/сигурна, неточно. Изјавите се поделени во две групи: изјави кои се однесуваат на користењето извори (резимирање, парафразирање, цитирање, составување на библиографија, користење на стил на документирање) и изјави кои се однесуваат на процесот на пишување.

Во табелата се прикажани просечните резултати од самоевалуацијата изразени во проценти за периодот од 2015 до 2019. На изјавата број еден „Знам како да направам резиме на даден параграф“, 20,14% од испитаниците одговориле дека не знаат, а 43,22% дека не се сигурни. На изјавата број два „ Знам како да парафразирам даден параграф“, 35,49% одговориле дека не знаат, а 49% дека не се сигурни. На изјавата број три „Знам како да цитирам извор во текст“, 27,37% одговориле дека не знаат, а 25,02% дека не се сигурни. На изјавата број четири „Знам како да составам библографија“ 65,69% одговориле дека не знаат а 23.08% дека не се сигурни. На петтата изјава „Знам да користам одреден стил на документирање (Чикаго, Харвард и сл.)“ 59,90% одговориле дека не знаат, а 26,03% дека не се сигурни.

| **Просечно во период 2015-2019** | **Изјава бр. 1** | **Изјава бр.2** | **Изјава бр.3** | **Изјава бр.4** | **Изјава бр.5** |
|---|---|---|---|---|---|
| А точно | 36,64% | 15,51% | 47,61% | 11,24% | 14,08% |
| Б не сум сигурен/на | 43,22% | 49,00% | 25,02% | 23,08% | 26,03% |
| В неточно | 20,14% | 35,49% | 27,37% | 65,69% | 59,90% |

*Табела бр. 1 Резултати од самоевалуација-изјави поврзани со користењето на извори*

Вториот сет изјави во формуларот за самоевалуација се однесуваат на самиот процес на пишување на есеј. Се состои од девет изјави, а просечните резултати изразени во проценти за периодот од 2015 до 2019 се прикажани во Табела бр. 2.

| **Просечно во период 2015-2019** | **Изјава бр.6** | **Изјава бр.7** | **Изјава бр.8** | **Изјава бр.9** | **Изјава бр.10** | **Изјава бр.11** | **Изјава бр.12** | **Изјава бр.13** | **Изјава бр.14** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| А точно | 44,40% | 49,26% | 39,66% | 36,77% | 36,63% | 34,55% | 38,61% | 34,35% | 29,01% |
| Б не сум сигурен/на | 23,64% | 22,08% | 26,98% | 32,54% | 32,42% | 32,06% | 30,08% | 29,74% | 35,91% |
| В неточно | 31,97% | 28,66% | 33,36% | 30,69% | 30,95% | 33,39% | 31,31% | 35,90% | 35,07% |

*Табела бр. 2 Резултати од самоевалуација-изјави поврзани со процесот на пишување*

На шестата изјава „Разликувам тема од теза“ 31,97% одговориле дека не разликуваат, а 23,64% дека не се сигурни. На седмата изјава „Знам да селектирам потребни од непотребни информации за составување на еден есеј“ 28,66% изјавиле дека не знаат, а 22.08% дека не се сигурни. На осмата изјава „Знам да направам план на есеј“ 33,36% изјавиле дека не знаат, а 26,98% дека не се сигурни. На деветата изјава „Знам да ги организирам идеите“ 30,69% одговориле дека не знаат, 32,54% дека не се сигурни. На десетата изјава „Знам да составам ефективен параграф“ 30,95% изјавиле дека не знаат, а 32,42% дека не се сигурни. На единаесетата изјава „Знам да составам аргумент“ 33,39% изјавиле дека не знаат, а 32,06% дека не се сигурни. На дванаесетата изјава „Знам да составам ефективен вовед“ 31,31% изјавиле дека не знаат, а 29,74% дека не се сигурни. На тринаесетата изјава која гласи „Знам да составам ефективен заклучок“ 35,90% изјавиле дека не знаат, 35,91% дека не се сигурни. На последната четиринаесетта изјава „Знам да напишам добар краток есеј во кој ќе изнесам свој став на одредена тема“ 35,07% изјавиле дека не знаат, а 35,91% дека не се сигурни.

## 3. ЗАКЛУЧОК

Хипотезата дека постои јаз помеѓу вештините стекнати во средното образование во однос на пишување за академски цели и вештините за пишување неопходни во високото образование се потврди. Овој труд, од практични причини, презентира само дел од петгодишното истражување и се осврнува на резултатите добиени од процесот на самоевалуација. Деведесет и еден запирка дваесет и четири отсто од студентите кои го слушале предметот Академско пишување во прва година од нивните студии го пополниле прашалникот. Резулатите покажуваат дека само 14,08% знаат да користат одреден стил на документирање, а само 29.01% знаат да напишат есеј во кој ќе изнесат свој став на одредена тема, што претставуваат основни вештини за пишување, а само мал дел од студентите сметаат дека знаат како да го прават тоа. Ова покажува дека наставните содржини во средното образование треба да вклучат теми од академското пишување и да бидат насочени кон нивно активно и ефективно развивање. Исто така, реззултатите укажуваат и на тоа дека и во високото образование има сериозна потреба од наставни соджини кои се во насока на развивање на вештините за академско пишување кај студентите.

## ЛИТЕРАТУРА

Биро за развој на образованието (2002). Наставна програма по Македоснки јазик и литература за IV година превземена од https://www.bro.gov.mk/wp-content/uploads/2018/02/Nastavna_programa-Makedonski_jazik_i_literatura-IV_GO-mkd.pdf

Државен испитен центар (2010). Правилник за начинот на полагање и оценувцање на резултатите на учениците на испитите во државна матура во гимназиско, стручно и средно уметничко образование превземено од http://www.matura.gov.mk/data_files/state_graduate/mk/2303_PRAVILNIK%20ZA%20NA%5EINOT%20NA%20POLAGAWE%20I%20OCENUVAWE%20NA%20REZULTATITE%20NA%20U%5EENICITE%20NA%20ISPITITE%20VO%20DR@AVNA%20MATURA%20VO%20GIMNAZISKOTO,%20STRU%5ENOTO%20I%20SREDNOTO%20UMETNI%5EKO[1].pdf

Државен испитен центгар (2010). Испитна програма за проектна задача http://www.matura.gov.mk/data_files/project_task/mk/3551_Proektna%20zadaca-2009-2010.pdf

Kanr, C. (2002). *The Confident Writer*. Boston: Houghton Mifflin Company.

Rosen, L.J. (2009). *The Academic Writer's Handbook, Second Edition*. New York: Pearson Longman.

Street, B.V. (2015). “Academic Writing: Theory and Practice”. *Journal of Educational Issuees*. Vol. 1, No.2.